# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија


**Број 119** | **12 јуни 2019, среда** | **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1660. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци................. | 2 |
| 1661. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.................... | 3 |
| 1662. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница Струга ............. | 3 |
| 1663. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ - Скопје............... | 3 |
| 1664. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Кичево ........... | 4 |
| 1665. | **Одлука** за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Кореја............ | 4 |
| 1666. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Крушево......... | 4 |
| 1667. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје.............. | 5 |
| 1668. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов” – Крива Паланка ................................ | 5 |
| 1669. | **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ГРЕЕН & БИО ФАРМ ДОО, увоз-извоз с.Драслајца - Струга ........................... | 5 |
| 1670. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено -поправната установа Затвор Скопје ............................. | 6 |
| 1671. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено -поправната установа Казнено-поправен дом Идризово...................................................... | 6 |
| 1672. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено -поправната установа Затвор Скопје ............................. | 6 |

Стр.

1673. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на специјализирани услуги со воздухоплов и воздухопловно спортски дејности, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор ........................................... 7

1674. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор ....................................... 7

1675. **Правилник** за изменување на Правилникот за посебните услови за проектирање, градба и измена на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов, техничка контрола на градбата и изработка на техничко-технолошка документација, технички услови за пловидбеност, испитување за оцена на сообразност, начинот и постапката за утврдување на пловидбеност, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверенијата за градба, за тип, пловидбеност, бучава и емисија на гасови ............................... 8

Стр.

1676. **Правилник** за изменување на Правилникот за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање и промена на уверението за регистрација на воздухоплови ................ 20

1677. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на водење на евиденција на воздухоплови кои не се по ICAO стандарди како и за аматерски градени воздухоплови ....... 21

1678. **Правилник** за изменување на Правилникот за посебните услови за градба и одржување на падобрани ..... 30

1679. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот и местото на обележување на воздухоплови регистрирани и евидентирани во Република Македонија со знаците за државна припадност, регистарските ознаки и други ознаки ......................... 31

1680. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за условите и надзорот на градбата и начинот на утврдување на пловидбеност на ултралесните летала (микролесните) и моторизираните крила ............ 32

1681. **Правилник** за изменување на Правилникот за посебните услови, начинот и правилата за организирање на натпревари ...................................... 32

**Огласен дел** ........................................ 1-80

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1660.**

Врз основа на член 85 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука на Општина Кавадарци, се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, на ГП бр. 4.26, кое претставува дел од КП бр. 12610, КО Кавадарци 2, со површина од 4938 м2, од кои земјиште под зграда 1 со површина од 513 м2, земјиште под зграда 2 со површина од 116 м2, земјиште под зграда 3 со површина од 187 м2 и земјиште под зграда 4 со површина од 177 м2, запишано во Имотен лист бр. 10650, дел од КП бр.

.

16483/1, КО Кавадарци 2, со површина од 22 м2, градежно неизградено земјиште, запишано во Имотен лист бр. 2 и дел од КП бр. 12028, КО Кавадарци 2, со површина од 6 м2, градежно неизградено земјиште, запишано во Имотен лист бр. 2, односно со вкупна површина од 4966 м2, согласно Извод од ДУП за УБ 8К, донесен со Одлука на Советот на Општина Кавадарци, бр.08-272/6, од 30.1.2018 година, заради изградба на објект со намена В1 – образование и наука – основно училиште.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3462/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**1661.**

Врз основа на член 85 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, на ГП бр. 1.1, кое претставува дел од КП бр. 395/2, КО Брушани, со површина од 210 м2, градежно неизградено земјиште, запишано во Имотен лист бр. 230, согласно Извод од Државна урбанистичко планска документација за телекомуникациски столб на КП 395/2, КО Брушани, Општина Кавадарци, со површина од 0,021 ха, технички број 901/15 од Декември 2019 година, донесен со Решение на Министерот за транспорт и врски, бр. 24-12938/3 од 26.12.2018 година и 24-759/2, од 22.1.2019 година, заради изградба на објект со намена Е2 – комунална инфраструктура.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3463/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1662.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ОПШТА БОЛНИЦА СТРУГА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движната ствар – амбулантно возило за Итна медицинска помош и тоа: Санитетско возило, марка РЕНО, тип МАСТЕР, со број на шасија VF1MA000562436160, со број на мотор C163406, година на производство 2018, сила на моторот 81 kW, работна зафатнина на моторот 2298cm3 и боја на каросерија – БЕЛА.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Општа болница Струга.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Општа болница Струга, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-3541/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1663.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ДРЖАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН „ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ“ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Кол. |
|---|---|---|---|---|
| Печка за печење на предмети изработени од глина | X 110 S | Китек | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски” – Скопје.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје склучува договор со директорот на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ – Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3544/1 | Заменик на претседателот |
| 3 јуни 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1664.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ – КИЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движната ствар – вид санитетско возило марка Рено, тип Мастер, со број на шасија VF1MA000062442237, со број на мотор C162189, година на производство 2018, сила на моторот 81 kW, работна зафатнина на моторот во 2298 cm3, со боја на каросеријата Бела.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Кичево.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Кичево, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3609/1 | Заменик на претседателот |
| 3 јуни 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1665.**

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Северна Македонија и член 7 алинеја 6 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3.6.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА КОРЕЈА**

Член 1

Со оваа одлука Република Северна Македонија воспоставува дипломатски односи со Република Кореја на ниво на амбасадори.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3646/1 | Заменик на претседателот |
| 3 јуни 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1666.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ – КРУШЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство, му престанува користењето на движната ствар и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Карактеристики на движната ствар | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Санитетско возило | Марка: Рено<br>Тип: МАСТЕР<br>Број на шасија: VF1MA000962436159<br>Број на мотор: C163595<br>Година на производство : 2018<br>Сила на моторот : 81 kW<br>Работна зафатнина на моторот во cм3 : 2298<br>Боја на каросерија : Бела | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Крушево.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| Бр. 45-3711/1<br>3 јуни 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |
|---|---|

**1667.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство, му престанува користењето на недвижна ствар – деловна просторија, која се наоѓа на ул. „Водњанска“ бб во Скопје, на КП бр.429, КО Центар 2, запишана во Имотен лист бр.17960 сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр. 8, намена на зграда и друг објект-згради во останато стопанство, влез 002, кат ПО, ДП бр.31 , со внатрешна површина од 47м2.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија -Скопје.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Министерството за здравство и ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија -Скопје, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| Бр. 45-3741/1<br>3 јуни 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |
|---|---|

**1668.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ „АКАДЕМИК ПРОФ. Д-Р. ДИМИТАР АРСОВ” – КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

| Назив на движната ствар | Карактеристики | Единица мерка | Кол. |
|---|---|---|---|
| Санитетско возило | Марка: Рено,<br>Тип: Мастер,<br>Сила на моторот: 81 kW,<br>Број на шасија: VF1MA000462436151,<br>Број на мотор: C145977,<br>Работна зафатнина на моторот во цм$^3$: 2298,<br>Година на производство: 2018,<br>Боја на каросеријата: Бела | Парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р. Димитар Арсов” – Крива Паланка.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р. Димитар Арсов” – Крива Паланка со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

| Бр. 45-3843/1<br>3 јуни 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |
|---|---|

**1669.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ГРЕЕН & БИО ФАРМ ДОО, УВОЗ - ИЗВОЗ С.ДРАСЛАЈЦА - СТРУГА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ГРЕЕН & БИО ФАРМ ДОО увоз-извоз с.Драслајца – Струга со број 19-177/2 од 23.5.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3974/1<br>3 јуни 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1670.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА КАЗНЕНО – ПОПРАВНАТА УСТАНОВА ЗАТВОР СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите му престанува користењето на движната ствар – патничко моторно возило, марка Даимлер, тип Гранд Војаџер, идентификационен број на возилото 1C4GYN5BXXU106361, година на производство 1999, боја на возилото Сина.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Казнено - поправната установа Затвор Скопје.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено – поправната установа Затвор Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3995/1<br>3 јуни 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1671.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите му престанува користењето на движната ствар – товарно моторно возило, марка Цитроен, тип Џампер, идентификационен број на возилото VF7YE2MCU12K-76324, идентификационен број на моторот 10DY2Z40-41816, година на производство 2019, силина на моторот 96 kw, зафатнина на моторот 1997 $cm^3$, боја на возилото Бела/01.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Казнено – поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено – поправната установа Казнено-поправен дом Идризово со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3998/1<br>3 јуни 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1672.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА ЗАТВОР СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите му престанува користењето на движната ствар – товарно моторно возило, марка Цитроен, тип Џампер, идентификационен број на возилото VF7YE2MCU12K-

67025, идентификационен број на моторот 10DY2Z40-37655, година на производство 2019, силина на моторот 96 kw, зафатнина на моторот 1997 cm³, боја на возилото Бела/01.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Казнено – поправната установа Затвор Скопје.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено – поправната установа Затвор Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3999/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**1673.**

Врз основа на член 173 став (2) и член 181, а во врска со член 176 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ СО ВОЗДУХОПЛОВ И ВОЗДУХОПЛОВНО СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ, КАКО И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЛИЦЕ ЗА ДА ВРШИ РАБОТИ НА ИНСПЕКТОР**

Член 1

Во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на специјализирани услуги со воздухоплов и воздухопловно спортски дејности, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/17), во членот 13 став 1 точка 1 потточка а) во алинеите 1 и 2 и во точка 2 потточка а) во алинеите 1 и 2 зборовите: “Република Македонија” се заменуваат со зборовите: “Република Северна Македонија”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5122/1
6 јуни 2019 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Горан Сугарески,** с.р.

---

**1674.**

Врз основа на член 173 став (2) и член 181 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), а во врска со член 189 од Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/08, 148/11, 10/15 и 150/15), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА ЗАШТИТАТА НА ПАТНИЧКИТЕ ПРАВА ВО ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ, КАКО И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЛИЦЕ ЗА ДА ВРШИ РАБОТИ НА ИНСПЕКТОР**

Член 1

Во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на  надзор на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/16), во членот 3 точка 2 и во членот 10 точка а) во алинеите 1 и 2 зборовите: “Република Македонија” се заменуваат со зборовите: “Република Северна Македонија”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5147/1
7 јуни 2019 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Горан Сугарески,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**1675.**

Врз основа на член 7-б став (1) алинеја 4, член 113 ставови (1) и (4), член 117 ставови (1) и (3), член 124 ставови (3) и (6) и член 133 став (5) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/07 и 98/09), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАДБА И ИЗМЕНА НА ВОЗДУХОПЛОВ, МОТОР, ЕЛИСА И ОПРЕМА НА ВОЗДУХОПЛОВ, ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА НА ГРАДБАТА И ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПЛОВИДБЕНОСТ, ИСПИТУВАЊЕ ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛОВИДБЕНОСТ, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, ЕВИДЕНЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ПРОМЕНА НА УВЕРЕНИЈАТА ЗА ГРАДБА, ЗА ТИП, ПЛОВИДБЕНОСТ, БУЧАВА И ЕМИСИЈА НА ГАСОВИ

Член 1

Во Правилникот за посебните услови за проектирање, градба и измена на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов, техничка контрола на градбата и изработка на техничко-технолошка документација, техничките услови за пловидбеност, испитување за оцена на сообразност, начинот и постапката за утврдување на пловидбеност, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверенијата за градба, за тип, пловидбеност, бучава и емисија на гасови, („Службен весник на Република Македонија" бр. 141/17 и 75/18) во членот 2 став (3) и членот 3 во воведната реченица зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 2

Во Прилогот 2 во членот 60 став (3), членот 64 став (2) точка 2) и членот 66 став (1) точка 1) зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 3

Во Прилогот 2, Додатоците 1, 2, 3 и 4 се заменуваат со нови Додатоци 1, 2, 3 и 4 кои се составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 10-583/3
7 јуни 2019 година
Скопје

Агенција за цивилно воздухопловство
Директор,
д-р **Томислав Тунтев,** с.р.

Додаток 1 - Образец - Уверение за пловидбеност без ограничувања (стр.1 и 4)

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
*REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA*
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
*CIVIL AVIATION AGENCY*

**УВЕРЕНИЕ ЗА ПЛОВИДБЕНОСТ**
*CERTIFICATE OF AIRWORTHINESS*

**Z3 - ______**

| **6. Уверението е со важност:**<br>*This certificate is valid:* | **Потпис и печат:**<br>*Signature and seal:* |
|---|---|
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |
| **од** _________ ___ **до** _________ ___<br>*From* *Until* | |

(стр.2 и 3)

| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br>*REPUBIC OF NORTH MACEDONIA*<br><br>**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**<br>*CIVIL AVIATION AGENCY* | **Бр.** ________<br>*No.* |

**УВЕРЕНИЕ ЗА ПЛОВИДБЕНОСТ**
*CERTIFICATE OF AIRWORTHINESS*

| **1.Државна припадност и национална ознака**<br>***Nationality and registration marks*** | **2. Производител, тип и модел на воздухопловот**<br>*Manufacturer, type and model of the aircraft* | **3.Сериски број на воздухопловот**<br>***Aircraft serial number*** |
|---|---|---|
